РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-99/5
29-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 20 тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-99/1 од 08.01.2025 година оформен по пријава против лицето -------------------, член на Советот на општина ----------------, СЕ ЗАПИРА поради тоа што нема постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 09-99/1 од 08.01.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава со сомнежи за постоење на состојба на судир на интереси поднесена од познат подносител, во Државната комисија е оформен предмет за лицето ----------------, член на Советот на општина -----------------. Според пријавата на 55 – та седница на Советот на општина ------------------- одржана на ден 27.12.2024 година, од страна на заменик градоначалник ------------------- во својство на предлагач, како Точки на дневен ред биле доставени Предлог - Буџетот на општина -------------- за 2025 година и Предлог на Годишниот план за вработување за 2025 година. Пред почетокот на седницата лицето -------------------- ги известил претседателот и членовите на Советот на општината дека повеќе не ја извршува функцијата заменик градоначалник и дека во иднина ќе ја извршува функцијата советник во Советот во општина ---------------------. Во пријавата се наведува дека иако лицето се јавува како предлагач на наведените предлози, истиот во функција на советник во Советот на 55 - та седница, гласал и не се изземал по однос на истите со што го прекршил Деловникот

за работа на општината и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и се довел во состојба на судир на интереси.

Државната комисија заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, прибираше податоци и информации и го утврди следното: лицето --------------------- со Решение за определување на член на Советот за замена на Градоначалникот бр. 08-866/38 од 12.11.2021 година е определен за Заменик градоначалник од страна на Градоначалникот на општина ----------------- и истото е во согласно член 52 став (5) и (6) од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на РМ“ БР. 5/02) според кои (5) „Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство, во согласност со постапка утврдена со статутот.“ и (6)„На членот на советот му мирува функцијата член на совет за време кога го заменува градоначалникот “, и член 54 став (4) и (5) од Статутот на општина ------------------- („ Службен гласник на општина Старо Нагоричане “ бр. 9/04, 2/11, 15/14 и 6/19) според кои (4) „Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство.“ и (5)„Во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата Градоначалникот е должен со рещение да го определи членот на Советот кој ќе го заменува“. Согласно став (8) од истиот член од Статутот на општината:„На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за време кога го заменува Градоначалникот.“

Видно од доставеното известување бр. 08-1204/1 од 27.12.2024 година од страна на лицето ---------------- до Советот на општина -------------------, е дека го известил Советот дека по доставената документација од Градоначалникот на општината ----------------- за завршување на боледување заклучно со 26.12.2024 година и враќање на функцијата градоначалник на општина, ќе ја извршува функцијата член на Советот на општина ---------------------.

Од Евидентниот лист за присуство на членови на Советот, градоначалник, записничар и останати присутни на 55 – та седница на Советот на општина ----------------, одржана на ден 27.12.2024 година во 11.00 часот во графата за советници евидентирано е присуство на лицето -------------------.

Од Записникот од одржаната 55 – та седница на Советот на општина ----------------- на ден 27.12.2024 година со почеток во 11.00 часот во врска со точката за Предлог - Буџетот на општина ----------------- за 2025 година од страна на претседателот на Советот ставена е на гласање и истата точка е усвоена со 5 гласа „ ЗА“, 3 гласа „ПРОТИВ“ И 1 „ ВОЗДРЖАН“. Во врска со точката за Предлог на Годишниот план за вработување за

2025 година од страна на Претседателот на Советот ставена е на гласање и истата точка е усвоена со 5 гласа „ ЗА“, 3 гласа „ПРОТИВ“ И 1 „ ВОЗДРЖАН“.

При вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија констатира дека кај пријавеното службено лице нема постапување спротивно на одредбите од член 72, член 73 и член 75 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, со оглед дека не произлегува дека во конкретниот случај се одлучувало за работи во кои тој или негово блиско лице имаат приватен интерес, во кој случај би бил должен да се изземе од одлучувањето. Имено, согласно со член 2 став 3 од истиот Закон, под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Во конкретниот случај пријавениот во својство на заменик градоначалник во согласност со член 49 став (7) и став (14) од Статутот на општината, имал обврска да ги предложи годишниот буџет на општина -------------- за 2025 година и Годишниот план за вработување за 2025 година бидејќи тоа произлегува од извршувањето на таа функција, додека почнувајќи од 27.12.2024 година, како член на Советот на општина - ---------------, за која функција бил избран на локалните избори во 2021 година имал право да гласа за или против предлозите кои согласно законот и статутот на општината во рамки на своите надлежности ги дава градоначалникот.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК